МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“ - СВЕТИ НИКОЛЕ - БИТОЛА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА

студиска програма:

Магистерски труд

ТЕМА: Паралела како депресијата се лечи со психотерапија и како духовноста им помага на тие луѓе

СТУДЕНТ: СЕРАФИМ АЛЕКСОВСКИ

БРОЈ НА ИНДЕКС: М193013

МЕНТОР: Проф. д-р Анита Ристеска

Свети Николе, 2021

Краток извадок: Апстракт

Депресијата е тешка психо-физичка болест, која ги вклучува целото тело, расположението и мислите, а се одликува со многу симптоми, и тоа: лошо расположение, забавено мислење, проблеми со концентрација, лош апетит, чувство на помала вредност, па дури и суицидни мисли. Ова страдање му е познато на човештвото од памтивек, од времето на паѓањето во гревот. Уште Хипократ опишувал слична психичка состојба, која се нарекувала „меланхолија“. Во Светото Писмо, на страниците на Стариот Завет може да се спомене и царот Саул, кому олеснување од тагата му носеле Давидовите пслами. Денес, депресијата е голема закана за човештвото, затоа што сè поголем е бројот на оние што боледуваат од неа. Сè почести се гласините како некој страда од психички заболувања, а уште позастрашувачки е што од ден на ден сè повеќе се зголемува бројот на оние коишто се заболени. Како причини за заболување од депресија можат да се вклучат сите внатрешни и надворешни фактори. Внатрешни се: очајание, стрес, безживотност, потиштеност, меланхолија, но тука се и надворешните фактори, коишто се и најголемите причинители, а тие се: загуба на работното место, лишување од своите замислени цели, прекумерно поминување време на социјалните мрежи, смрт на личности, конфликти, значителни промени во животот, сериозни болести, прифаќање на секаков порок итн.

Општо за човекот, најголема причина за заболување од депресијата првенствено е гревот, односно високоумието за самите себе. Гордоста е првиот и најголем порок на човековата душа. Таа дури може да се нарече и родител на останатите гревови, коишто произлегуваат од неа. Гордоста во најголема мера е причина за депресивните растројства. Друг битен фактор за настанување на депресијата е изложеноста на хроничен стрес, којшто ја менува функцијата на мозокот, така што многу депресии можат да се објаснат со акумулација на штетното дејствување на стресот. Дури и самата депресија може да се јави како симптом на некои болести или пореметувања. Сепак, сите симптоми на депресија сè уште не се сосема јасни.

Од сите истражувањата и испитувања, константирани се повеќе од 60 видови депресија. Кога би се направила систематизација на депресивните растројства, тогаш може да се

каже дека се разликуваат соматогени, психогени и ендогени депресии. Соматогените депресии се манифестираат како психички нарушувања поради некое соматско заболување. Психогените депресии настануваат на „нервна основа“ што е резултат на нервни потреси и конфликти (надворешни и внатрешени или душевни). Ендогените депресии се развиваат „природно“. Овој вид на депресија се карактеризира со груба дезорганизација на личноста поради издвојување од реалниот свет; сезонско застранување (напролет и наесен се влошува самочувството) како и поизразено влошување на психичката состојба во утринските часови. Постои уште еден вид депресии и тоа скриени (маскирани). Се појавуваат како различни телесни слабости (болки во срцето или желудникот, главоболки итн.).

Клучни зборови: психичка состојба, истражувања , функција, нарушувања

Abstract:

Depression is a severe psycho-physical illness that affects the whole body, mood and thoughts, and is characterized by many symptoms, including: bad mood, sluggish thinking, problems with concentration, poor appetite, feelings of inferiority, and even suicidal thoughts. This suffering has been known to mankind since time immemorial, from the time of the fall into sin. Even Hippocrates described a similar mental state, which was called "melancholy". In the Scriptures, the pages of the Old Testament also mention King Saul, who was relieved of his grief by the Psalms of David. Today, depression is a major threat to mankind because of the growing number of people suffering from it. Rumors of someone suffering from mental illness are becoming more and more common, and it is even more frightening that the number of those who are suffering is increasing day by day. All internal and external factors can be involved as causes of depression. Internal are: despair, stress, lifelessness, depression, melancholy, but there are also external factors, which are the biggest causes, and they are: job loss, deprivation of their imagined goals, excessive spending time on social networks, death of personalities, conflicts, significant changes in life, serious illnesses, acceptance of any vice, etc.

In general, the biggest cause of depression is primarily sin, ie high self-esteem. Pride is the first and greatest vice of the human soul. She can even be called the parent of the other sins that arise from her. Pride is largely the cause of depressive disorders. Another important factor in the development of depression is the exposure to chronic stress, which changes the function of the brain, so that many depressions can be explained by the accumulation of the harmful effects of stress. Even depression itself can be a symptom of some illness or disorder. However, not all symptoms of depression are clear.

Of all the research and studies, more than 60 types of depression have been identified. If a systematization of depressive disorders is made, then it can be said that somatogenic, psychogenic and endogenous depressions are different. Somatogenous depressions manifest as mental disorders due to a somatic disease. Psychogenic depressions occur on a "nervous basis" as a result of nervous shocks and conflicts (external and internal or mental). Endogenous depressions develop "naturally". This type of depression is characterized by gross disorganization of the person due to separation from the real world; seasonal deviation (feeling

worse in spring and autumn) as well as more pronounced deterioration of the mental state in the morning. There is another type of depression that is hidden (masked). They appear as various physical weaknesses (heart or stomach pain, headaches, etc.).

Keywords: mental state, research, function, disorders

СОДРЖИНА:

ВОВЕД…….....8

I. ДЕПРЕСИЈА – ПОИМ , ПРИЧИНИ И ТРЕТМАН.....12

1.1 ПОИМ ЗА ДЕПРЕСИЈА.....12

1.1.1 Причини.....14

1.2 Третман.....16

1.3 Главни видови на депресивно растројство.....19

1.4 Биполарно растројство на расположението.....21

1.5 Лекување.....23

2. ДЕПРЕСИЈА ВО Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.....25

2.1 ЗАСТАПЕНОСТ НА ДЕПРЕСИЈАТА ВО Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВО СВЕТОТ.....25

2.2 ЛЕКУВАЊЕ НА ДЕПРЕСИЈАТА ОД СТРАНА НА МАТИЧНИТЕ ЛЕКАР….....26

2.3 ДЕПРЕСИЈА ВО СТАРА ВОЗРАСТ.....31

3. ДУХОВНОСТ И ПСИХОТЕРАПИЈА.....45

3.1 Религијата и менталноста - основни поставки и сфаќања на Фројд.....45

3.2 Религијата и менталноста - основни поставки и сфаќања на Јунг.....47

3.3 Фројдовата и Јунговата теза за улогата на религискиот мит во менталноста.....51

3.4 Молитвата и богослужбите ја претвораат депресијата во радост 55

3.5 Духовноста и психијатријата се тесно поврзани со лечење на психичките растројства и депресијата.....56

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО…….....….....58

2.1 Проблем, предмет и цел на истражувањето…….....59

2.2 Хипотези на истражувањето…….....60

2.3 Методи на истражување…….....……...61

2.4 Оправданост на истражувањето…….....……..62

3. АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО.....64

4. ДИСКУСИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО.....73

5. ЛИЧНИ ИСКУСТВА ОД ВЕРНИЦИ-КАКО СЕ ИЗБОРИВ СО ДЕПРЕСИЈАТА.....79

III. ЗАКЛУЧОК.....94

IV. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....100

Вовед

Зборот 'депресија' вообичаено се користи за да се опише чувството на тага, кои сите ние ја чувствуваме во некои период од нашиот живот. Тој исто така се користи при опишување на депресивни растројства кои можат да се дијагностицираат. Бидејќи депресивните чувства се толку многу чести, важно е да се знае да се направи разлика кога човек се чувствува несреќен и тажен во секојдневниот живот, и кога има симптоми на депресивно растројство. Повеќето луѓе се чувствуваат несреќни или тажни кога се соочуваат со стрес, на пример, со загуба на некој близок, при раскинување на врската со партнерот или со големо разочарување или фрустрација. Овие емотивни реакции се соодветни во ваквите ситуации и тие обично траат само одредено време. Овие реакции не се сметаат за депресивно растројство, туку како дел од секојдневниот живот. Депресивните растројства

се група на болести кои се карактеризираат со долгорочно депресивно расположение или губење интерес за работите кои претходно биле забавни. Симптомите можат сериозно да го пореметат животот на лицето. Депресивните растројства се чести и скоро секое петто лице ќе доживее депресивно растројство во некој период од животот. Депресивните растројства се сериозни и вознемирувачки болести со вистински ризици по животот и здравјето на лицето. Неопходно е проценка и лекување од стручно лице. Во сериозни случаи, во почеток може да биде потребно хоспитализирање на лицето. За среќа, лекувањето на депресијата обично е многу ефикасно Поголем број на различни ментални заболувања се пропратени со депресија. Главно депресивно растројство. Ова депресивно растројство најчесто се дијагностицира. Лице со главно депресивно растројство станува многу нерасположено и не ужива во животот. Тој/таа губи концентрација и енергија, а се јавува и нарушување на јадењето и сонот. Исто така, честа е појавата на чувство на вина. Чувствата на безнадежност и очај може да го наведат лицето да помислува на самоубиство. Главното депресивно растројство може да се појави без да постои некоја очигледна причина и тоа може да се јави кај луѓе кои добро се соочуваат со животот, кои се добри во тоа што го работат и среќни во семејството и друштвените односи со други луѓе. Појавата на растројството исто така може да ја предизвика некој потресен настан со кој лицето не може да се соочи. 2/6 Кога симптомите на главното депресивно растројство се проретчуваат и се поблаги, меѓутоа траат подолго (повеќе од две години), болеста се вика дистимично растројство.

Адаптивно нарушување со депресивно расположение -Лицата со оваа болест реагираат на стресни случки во нивниот живот, на пример, раскинување на блиска врска или губење на работа, меѓутоа на многу побурен начин отколку што е вообичаено. Чувствата на депресија се многу силни и често вклучуваат вознемиреност, недоволно спиење и промени во апетитот. Колку долго ќе траат симптомите е различно и тие може да траат од неколку недели до повеќе години. Лицата кои боледуваат од овој вид на депресија често треба да се лекуваат за да им се помогне да најдат начин за да се соочат со случката и да ги контролираат симптомите.

Постнатална депресија -Таканаречените ‘baby blues’ (постнатална депресија) влијаат на скоро половина од сите нови мајки. Тие се чувствуваат малку депресивни, вознемирени,

напнати или болни и може да имаат проблеми со спиењето иако поголем дел од времето се уморни. Овој вид на депресија може да трае само неколку часа или дена и потоа да исчезне. Меѓутоа, кај околу 10 проценти од мајките ова чувство на тага се развива во сериозно растројство, познато како постнатална депресија. На мајките кои боледуваат од оваа болест им станува се потешко да се соочуваат со барањата во секојдневниот живот. Тие може да чувствуваат вознемиреност, страв, малодушност, тага и преголем умор. Некои мајки може да имаат напади на паника или да бидат напнати и нервозни. Може да дојде до појава на промени во апетитот и спиењето. Сериозна, меѓутоа ретка форма на постнатална депресија е постнаталната (пуерпералната) психоза. Жената не може да се соочува со секојдневниот живот и може да биде растроена во начинот на кој размислува и се однесува. Неопходно е и за мајката и за детето, постнаталната депресија да се лекува - за тоа постојат многу ефикасни терапии.[1]

Биполарно растројство на расположението - Лице кое боледува од биполарно растројство на расположението (претходно познато како манична депресија) има депресивни епизоди неизменично со манични периоди кои вклучуваат занесеност, хиперактивност, раздразливост, зголемена брзина на говорот и непромисленост. Во посериозни случаи, лицето исто така може да има делузии.

Ментални здравствени проблеми кои се јавуваат заедно со депресивните растројства - Лицата кои имаат депресија многу често имаат симптоми на анксиозност 'Што е анксиозно растројство?' Штетното користење на алкохол и други видови дрога често се јавува заедно со депресијата. Тоа го усложнува лекувањето и затоа важно е ефикасно да се контролира користењето на алкохол и други видови дрога. Кај луѓето со депресија исто така е зголемен ризикот од самоубиство.

Депресивните растројства може да се лекуваат многу ефикасно. Лицата кои чувствуваат тага подолго време, или кај кои тагата влијае на нивниот живот во голема мера, треба да го контактираат семејниот доктор или да одат во здравствениот центар во заедницата. Видот на лекување ќе зависи од симптомите кои ги има секое лице, меѓутоа ќе вклучува една или повеќе од наведените терапии.

[1] Cvetkovich A (2012). Depression: A Public Feeling. Durham, NC: Duke University Press Books

• Психолошки интервенции, на пример, когнитивната бихевиористичка терапија (КБТ), кои имаат за цел да го изменат начинот на размислување, однесување и верувањата кои се поврзуваат со депресија.

• Терапиите за подобрување на меѓучовечките односи им помагаат на луѓето да разберат како односите со другите луѓе делуваат на нивните емоции.

• Антидепресантите ги намалуваат депресивните чувства, одново го воспоставуваат вообичаеното спиење и јадење и ја намалуваат анксиозноста.

За разлика од седативите, антидепресантите не создаваат зависност. Тие постепено ја враќаат рамнотежата на невротрансмитерите во мозокот и треба да се земаат од една до четири недели за се постигнат позитивни резултати.

• Промените во расположението, на пример, во случај на биполарно растројство на расположението, може да се контролираат со посебни лекарства.

• Промени во начинот на живеење, на пример, физичкото вежбање и намалено штетно користење на алкохол и други видови дрога, им помагаат на луѓето да се излечат од депресија.

• За безбедно и ефикасно лекување на некои многу сериозни форми на депресија се користи електроконвулзивна терапија (ЕКТ), или шок терапија, како што таа понекогаш погрешно се нарекува.

Оваа терапија може да им го спаси животот на луѓето кои се изложени на голем ризик да извршат самоубиство или кои, заради сериозноста на болеста престанале да јадат или примаат течности, би умреле. Семејството и пријателите на лицата кои боледуваат од депресивно растројство често може да се збунети и потресени. Поддршката и подучувањето, како и подоброто разбирање од заедницата се важни во лекувањето.

Духовноста е холистички концепт бидејќи вклучува ментални, физички, социјални, духовни и емоционални карактеристики на човекот. Светската здравствена организација (СЗО), исто така, нагласува духовна димензија при дефинирање на здравствениот статус на една личност. Ова е одличен и уникатен специјалитет што нашиот Бог го дарува кон луѓето. Терминот на психо-духовноста е широко користен од многу истражувачи кои го илустрираат значењето на интеграцијата помеѓу духовноста и психологијата. Во дефинирањето на психо-духовноста, Мекмахон (1994) објасни дека тоа вклучува додавање

на психологијата во духовните работи, додека Но Азах Абдул Азиз (2009) ја опиша психо-духовноста како комбинација на зборови каде што психологијата и духовноста означуваат размислување за учење и ментален процес.

Во денешно време, елементот на духовното битие е опширно истражувано. Ова е евидентно кога многу студии признаа дека овој елемент е од клучно значење и се смета за главен клуч што влијае на животот на човекот. На пример, студиите докажаа дека има позитивна врска помеѓу духовноста и квалитетот на животот (Бернард и сор., 2017; Лау, Хуи, Лам, Лау и Чеунг, 2015; Матеис, Тулски и Матеис, 2006). Студиите исто така открија важна врска помеѓу духовноста и здравјето (Алдвин, Парк, Јеонг и Нат, 2014; Кидваи, Манча, Браун и Итон, 2014; Лауетал., 2015) како и добра врска помеѓу духовноста и позитивното однесување (Кидваи и сор.) , 2014; Рего и Пина е Куња, 2008). Така, откако ќе се препознае важноста на духовноста, тогаш истражувачот и практичарот ќе може да ја откријат соодветната интервенција или пристап во нивните области. Неодамна, бројни студии енергично го откријa концептот на духовност за неговото спроведување. [2]Така, овој магистерски труд ќе се фокусира на постојната психо-терапија во медицинските практики, како и во процесот на рехабилитација, односно ќе се прикаже паралела како депресијата се лечи со психотерапија и како духовноста им помага на тие луѓе.

I. ДЕПРЕСИЈА – ПОИМ , ПРИЧИНИ И ТРЕТМАН

1.1 ПОИМ ЗА ДЕПРЕСИЈА

Депресија претставува состојба на нерасположение и аверзија кон активност која што може да влијае врз мислите, однесувањето, чувствата и чувство на благосостојба на една личност. Депресивните луѓе можат да се чувствуваат тажни, вознемирени, празни, безнадежни, загрижени, беспомошни, безвредни, виновни, раздразливи, повредени или преморени. Тие можат да го изгубат интересот за активностите кои некогаш им биле пријатни, го губат апетитот за јадење или се прејадуваат, имаат проблеми со

[2] Cvetkovich A (2012). Depression: A Public Feeling. Durham, NC: Duke University Press Books

концентрација, помнење на детали или донесување одлуки, и може да размислуваат, да се обидат или да извршат самоубиство. Несоница, прекумерно спиење, замор, губење на енергија, или заболувања, болка, или дигестивни проблеми, исто така, може да бидат присутни.

Депресивното расположение не секогаш е психијатриско нарушување. Тоа исто така може да биде нормална реакција на одредени животни настани, симптом на некои здравствени состојби, или пропратен ефект на некои лекови или медицински третмани. Депресивното расположение исто така е основна или поврзана карактеристика на одредени психијатриски синдроми како што е клиничка депресија.

Зборот 'депресија' вообичаено се користи за да се опише чувството на тага, кои сите ние ја чувствуваме во некои период од нашиот живот. Тој исто така се користи при опишување на депресивни растројства кои можат да се дијагностицираат.


Бидејќи депресивните чувства се толку многу чести, важно е да се знае да се направи разлика кога човек се чувствува несреќен и тажен во секојдневниот живот, и кога има симптоми на депресивно растројство.

Повеќето луѓе се чувствуваат несреќни или тажни кога се соочуваат со стрес, на пример, со загуба на некој близок, при раскинување на врската со партнерот или со големо разочарување или фрустрација. Овие емотивни реакции се соодветни во ваквите ситуации и тие обично траат само одредено време. Овие реакции не се сметаат за депресивно растројство, туку како дел од секојдневниот живот.

Депресивните растројства се група на болести кои се карактеризираат со долгорочно депресивно расположение или губење интерес за работите кои претходно биле забавни. Симптомите можат сериозно да го пореметат животот на лицето. Депресивните растројства се чести и скоро секое петто лице ќе доживее депресивно растројство во некој период од животот.

Депресивните растројства се сериозни и вознемирувачки болести со вистински ризици по животот и здравјето на лицето. Неопходно е проценка и лекување од стручно лице. Во

сериозни случаи, во почеток може да биде потребно хоспитализирање на лицето. За среќа, лекувањето на депресијата обично е многу ефикасно.



сл. 1

1.1 Причини

Настани во животот

Настаните во животот кои можат да предизвикаат депресивно расположение вклучуваат породување, менопауза, финансиски тешкотии, проблеми на работното место, медицинска дијагноза (рак, ХИВ, итн.), насилничко однесување, загуба на некој близок, природни катастрофи, социјална изолација, проблеми во врските, љубомора, развод и катастрофална повреда. Трауматизирачките настани кои се случиле во детството можат да предизвикаат депресија. Иако траума од детството и особено детска сексуална злоупотреба не секогаш се фактор за депресија во зрелите години, може да создадат психолошки патишта кои

можат да доведат до депресија. Направено е истражување во оваа област за да се демонстрираат хемиските ангажмани објаснувајќи го овој феномен. Нееднаквиот родителски третман исто така е фактор на ризик.

Медицински третмани

Одредени лекови се познати по предизвикувањето на депресивно расположение кај значителен број на пациенти. Ова ги вклучува терапијата со лекови за хепатит Ц и некои лекови кои се користат за лекување на висок крвен притисок, како што се бета блокатори или резерпин.

Непсихијатриски болести

Депресивното расположение може да биде резултат на голем број на заразни болести, невролошки болести и физиолошки проблеми вклучувајќи ги хипоандрогената (кај мажите) Адисонова болест, Лајмска болест, мултиплекс склероза, хронична болка, мозочен удар, дијабетес, рак, ноќна апнеа и нарушен денонoќен ритам. Ова расположение е често еден од првите симптоми на хипотироидизам (намалена активност на штитната жлезда).

Психијатриски синдроми

Голем број на психијатриски синдроми се одликуваат со депресивно расположение како главен симптом. Нарушувањата на расположението се група на нарушувања кои сметаат за основни пореметувања на расположението. Тие го вклучуваат најголемото депресивно нарушување (ГДС; најчесто се нарекува голема депресија или клиничка депресија) кадешто едно лице е во депресивно расположение најмалку две недели или губење на интерес или задоволство во речиси сите активности; и дистимија, состојба на хронично депресивно расположение, симптоми коишто не ја исполнуваат сериозноста на голема

депресивна епизода. Друго пореметување на расположението, биполарното растројство, има една или повеќе епизоди на абнормално зголемено расположение, спознание и нивоа на енергија но, исто така може да опфати една или повеќе депресивни епизоди. Кога текот на депресивните епизоди следи сезонски модел, нарушувањето (големо депресивно нарушување, биполарно растројство, итн.) може да се определи како сезонско афективно нарушување.

Надвор од нарушувања на расположението: гранично растројство на личноста најчесто се карактеризира со депресивно расположение; адаптивно растројство со депресивно расположение е нарушување на расположението кое се појавува како психолошка реакција на препознатлив настан или стресор, во кои произлезените емоционални или симптоми на однесување се значајни, но го исполнуваат критериумот за голема депресивна епизода; и посттрауматско стресно растројство, анксиозно растројство кое понекогаш е проследено со траума, е најчесто придружено со депресивно расположение.

Употреба на дроги

Депресијата е поврзана со злоупотреба на дрога.

Процена

Постојат многу психолошки процени поврзани со испитување на депресија и/или за сериозноста на симптомите на депресија, процени за депресија и/или депресивни симптоми како што е Беков инвентар за депресија и тестот Детски инвентар за депресија.

2. Третман

Депресивното расположение може да не бара никаков професионален третман и може да биде нормална реакција на одредени животни настани, симптом на некои здравствени состојби или несакан ефект од некои лекови или медицински третмани. Продолжено депресивно расположение, особено во комбинација со други симптоми може да доведе до

дијагноза на психијатриска или медицинска состојба, кои можат да имаат корист од третман. Различни под-поделби на депресија имаат различни третмански пристапи.

Дадената прецизна дијагноза на растројство, во целина видот на третманот (психотерапија и/или антидепресиви, алтернативни терапии, или активна интервенција) е „помалку важен отколку вклучувањето на депресивни пациенти во активна терапевтска програма“. Стратегиите за стил на живот кои можат да го подобрат депресивното расположение вклучуваат терапија на будење, терапија на светлина, јадење здрава храна, медитација, вежбање, и престанок на пушењето.

Во зависност од воспоставената дијагноза зависи и начинот на кој ќе се третира депресивното пореметување. Благите облици на депресија многу успешно се третираат без лекови само со помош на КБТ (когнитивно бихејвиорална терапија) додека пак кај потешките облици покрај ваквиот тип на терапија можеби ќе е потребен и фармаколошки третман кој зависи од ‘тежината’’ на самото пореметување.

Голем број на истражувања во светот покажале како најдобрите и најбрзите резултати во лечењето на депресијата се добиваат со помош на комбинирана терапија, односно психотерапија во комбинација со лекови.

Лековите (антидепресивите) влијаат на биохемиската рамнотежа на одредени супстанци во мозокот кои се одговорни за невронската комуникација (неуро трансмитери). Кај лицата кои патат од сериозни депресивни пореметувања доаѓа до нарушување на таа рамнотежа и земањето на лекови доведува до стабилизација и урамнотежување на тие супстанци што како последица делува со отфрлување на депресивните симптоми. Меѓутоа лековите не можат да го променат начинот на размислување и психолошките причинители на депресијата што доведува до тоа да постои голема можност за повторување на депресивните симптоми по земањето на лекови. Поради таа причина се препорачува и психотерапискиот третман за депресивно пореметување чија цел е менување на психолошките причини за појавата на депресијата.

Кај благите облици на депресија психотерапискиот третман дава одлични резултати кај депресивните реакции кои може да се појават како одговор на загуба на драга личност,

депресивност како составен дел на некоја животна криза, поради низа на неповолни животни случки и сл.

Луѓето различно реагираат на неповолните животни случувања.

По појавата на неповолни животни случувања не се појавува депресија кај сите луѓе. Зошто е тоа така? Депресивното пореметување се појавува само кај оние луѓе кои се предиспонирани (имаат предиспозиции за појава) на депресија. Причините за тие предиспозиции може да бидат биолошки (генетска предиспонираност, постоење на други органски пореметувања), психолошки (отфрленост, занемарување, злоупотребување, отсуство на љубов, нега, грижа, отсуство на љубов во семејството, трауматски искуства итн., што заедно води кон развој на специфичен песимистичен систем на уверувања за себе, за општеството, за светот), социјални причини (сиромаштија и егзистенцијални проблеми, социјална изолација итн).

Потребно е да се истакне дека депресијата не е чувство како што тоа многумина сметаат. Депресијата е синдром (збир на симптоми) кои вклучуваат афективни и соматски (телесни) симптоми.

Во склоп на депресијата (депресивниот синдром) може да се појават различни непријатни емоции како: интензивна и постојана тага, чувство на празнина, очај, анксиозност, гнев, чувство на кривица, безвредност, беспомошност, безнадежност, отсуство на уживање, песимистичен поглед на сегашноста и иднината итн. Од телесни симптоми може да се појават промени во: телесната тежина, несоница или хиперсомнија, губење на сексуална желба, умор и пад на енергија, нередовна менструација, намален апетит, опстипација, сува уста, главоболки итн.

Познатиот американски психијатар основач на когнитивно бихејвиоралната терапија Aron Bek, депресијата ја опишал како когнитивна тријада: негативно гледање на самиот себе, негативно гледање на светот и негативно гледање на иднината.

Во склад со РЕБТ (рационално емотивно бихејвиорална терапија) депресијата вклучува:

- Уверувања во сопствената неадекватност;

- Уверување дека е ‘’ужасно’’ да се нема нешто кое личноста смета дека ‘’мора’’ да го има’’;
- Уверување дека е ‘’ужасно’’ нештото да е такво како што е и дека не треба да биде такво;
- Некои РЕБТ автори проблематиката околу депресијата ја делат на три типа врз основа на 3 базични ирационални уверувања.

Депресијата може да биде предизвикана од размислувањето кое се сведува на само-обвинување:

‘’Јас не успеав/погрешив, повредив некого.’’

‘’Требаше да сум совршен и да не правам лоши работи.’’

‘’Поради тоа јас сум лоша личност која заслужува казна.’’

Друг начин за предизвикување на депресијата е преку самосожалување. Ирационалната суштина на само-сожалувањето е следната:

‘’Сакав да биде како што јас сакам. ’’

‘’ Ужасно е да не го добијам тоа што го посакувам.’’

Третиот начин за поттикнување на депресијата е преку сожалување на другите.

Ирационалната суштина на сожалувањето на другите луѓе или околностите во кои се наоѓаат се појавува во следната идеја:

‘’Јас би требало да се вознемирам околу проблемите на другите луѓе/околностите во светот.’’

Депресивното реагирање е реакција на губење или неуспех кој спрема проценатa на личноста има значајни последици врз иднината. Депресивните лица се склони на гледање на негативните аспекти на губитокот или неуспехот, размислуваат само за сите други губитоци и неуспеси кои ги доживеале во текот на животот, размислуваат околу своите

неспособности сами на себе да успеат да си помогнат преку исклучиво фокусирање на болката која ја доживеале и ја доживуваат и врз основа на својата ‘’мрачна иднина’’.

Социјализација

Жените се повеќе склони кон депресија и ова би можело да се објасни со родовите улоги и нормите во прилог на тие улоги. Од жените се очекува да се грижат за семејството и пријателите, но без силни, стабилни и односи со поддршка, тие се повеќе податливи на депресивни симптоми.

3. Главни видови на депресивно растројство

Поголем број на различни ментални заболувања се пропратени со депресија.

Главно депресивно растројство

Ова депресивно растројство најчесто се дијагностицира.

Лице со главно депресивно растројство станува многу нерасположено и не ужива во животот. Тој/таа губи концентрација и енергија, а се јавува и нарушување на јадењето и сонот. Исто така, честа е појавата на чувство на вина. Чувствата на безнадежност и очај може да го наведат лицето да помислува на самоубиство.

Главното депресивно растројство може да се појави без да постои некоја очигледна причина и тоа може да се јави кај луѓе кои добро се соочуваат со животот, кои се добри во тоа што го работат и среќни во семејството и друштвените односи со други луѓе.

Појавата на растројството исто така може да ја предизвика некој потресен настан со кој лицето не може да се соочи.

Кога симптомите на главното депресивно растројство се проретчуваат и се поблаги, меѓутоа траат подолго (повеќе од две години), болеста се вика дистимично растројство.

Адаптивно нарушување со депресивно расположение

Лицата со оваа болест реагираат на стресни случки во нивниот живот, на пример, раскинување на блиска врска или губење на служба, меѓутоа на многу побурен начин отколку што е вообичаено.

Чувствата на депресија се многу силни и често вклучуваат вознемиреност, недоволно спиење и промени во апетитот.

Колку долго ќе траат симптомите е различно и тие може да траат од неколку недели до повеќе години.

Лицата кои боледуваат од овој вид на депресија често треба да се лекуваат за да им се помогне да најдат начин за да се соочат со случката и да ги контролираат симптомите.

Постнатална депресија

Таканаречените ‘baby blues’ (постнатална депресија) влијаат на скоро половина од сите нови мајки.

Тие се чувствуваат малку депресивни, вознемирени, напнати или болни и може да имаат проблеми со спиењето иако поголем дел од времето се уморни. Овој вид на депресија може да трае само неколку часа или дена и потоа да исчезне.

Меѓутоа, кај околу 10 проценти од мајките ова чувство на тага се развива во сериозно растројство, познато како постнатална депресија. На мајките кои боледуваат од оваа болест им станува се потешко да се соочуваат со барањата во секојдневниот живот.

Тие може да чувствуваат вознемиреност, страв, малодушност, тага и преголем умор. Некои мајки може да имаат напади на паника или да бидат напнати и нервозни. Може да дојде до појава на промени во апетитот и спиењето.

Сериозна, меѓутоа ретка форма на постнатална депресија е постнаталната (пуерпералната) психоза. Жената не може да се соочува со секојдневниот живот и може да биде растроена

во начинот на кој размислува и се однесува. Неопходно е и за мајката и за детето, постнаталната депресија да се лекува - за тоа постојат многу ефикасни терапии.

4. Биполарно растројство на расположението

Лице кое боледува од биполарно растројство на расположението (претходно познато како манична депресија) има депресивни епизоди неизменично со манични периоди кои вклучуваат занесеност, хиперактивност, раздразливост, зголемена брзина на говорот и непромисленост. Во посериозни случаи, лицето исто така може да има делузии.

Ментални здравствени проблеми кои се јавуваат заедно со депресивните растројства Лицата кои имаат депресија многу често имаат симптоми на анксиозност.

Штетното користење на алкохол и други видови дрога често се јавува заедно со депресијата. Тоа го усложнува лекувањето и затоа важно е ефикасно да се контролира користењето на алкохол и други видови дрога. Кај луѓето со депресија исто така е зголемен ризикот од самоубиство.

Што ги предизвикува депресивните растројства?

Често постојат повеќе меѓусебно поврзани фактори кои се поврзуваат со депресија.

Генетски фактори

Утврдено е дека склоноста да се заболи од депресија е наследна. Тоа е слично на склоноста кон други болести, на пример, шеќерна болест и срцеви заболувања.

Биохемиски фактори

Се смета дека депресивните растројства делумно се должат на хемиската неурамнотеженост во мозокот. Ова неурамнотеженост се лекува со анти-депресанти.

Стрес

Стресот се поврзува со појавата на депресивни растројства, посебно личните трагедии или несреќи.

Депресивните растројства почесто се јавуваат во одредени фази од животот кои вклучуваат големи промени во животот, на пример, раѓање на дете, климактериум и смртни случаи. Како резултат на тоа, тие почесто се јавуваат кај младите возрасни лица, жените, постари лица и лица со физички здравствени проблеми.

Карактер

Луѓето со одредени карактери се повеќе склони да добијат симптоми на депресија.

Депресијата обично се јавува кај луѓе кои лесно се обеспокојуваат, кои се многу чувствителни и емотивни и кои бурно реагираат или лесно се вознемируваат со работите кои им се случуваат во животот.

Лицата кои се перфекционисти и самокритични и кои поставуваат високи стандарди за себе и за другите се склони на депресија. Лица кои се многу зависни од други лица исто така се склони на депресија ако се разочараат. За разлика од нив, лицата кои се оптимисти и кои позитивно размислуваат не се склони да заболат од депресија.



сл. 2

Користење на алкохол и други видови на дрога

Штетното користење на алкохол и други видови на дрога ги прави луѓето да бидат многу склони на депресија. Тоа исто така придонесува за зголемување на ризикот од самоубиство кај луѓето со депресивни растројства.

5. Лекување

Депресивните растројства може да се лекуваат многу ефикасно.

Лицата кои чувствуваат тага подолго време, или кај кои тагата влијае на нивниот живот во голема мера, треба да го контактираат семејниот доктор или да одат во здравствениот центар во заедницата.

Видот на лекување ќе зависи од симптомите кои ги има секое лице, меѓутоа ќе вклучува една или повеќе од наведените терапии.

• Психолошки интервенции, на пример, когнитивната бихевиористичка терапија (КБТ), кои имаат за цел да го изменат начинот на размислување, однесување и верувањата кои се поврзуваат со депресија.

• Терапиите за подобрување на меѓучовечките односи им помагаат на луѓето да разберат како односите со другите луѓе делуваат на нивните емоции.

• Антидепресантите ги намалуваат депресивните чувства, одново го воспоставуваат вообичаеното спиење и јадење и ја намалуваат анксиозноста. За разлика од седативите, антидепресантите не создаваат зависност. Тие постепено ја враќаат рамнотежата на невротрансмитерите во мозокот и треба да се земаат од една до четири недели за се постигнат позитивни резултати.

• Промените во расположението, на пример, во случај на биполарно растројство на расположението, може да се контролираат со посебни лекарства.

• Промени во начинот на живеење, на пример, физичкото вежбање и намалено штетно користење на алкохол и други видови дрога, им помагаат на луѓето да се излечат од депресија.

• За безбедно и ефикасно лекување на некои многу сериозни форми на депресија се користи електроконвулзивна терапија (ЕКТ), или шок терапија, како што таа понекогаш погрешно се нарекува.

Оваа терапија може да им го спаси животот на луѓето кои се изложени на голем ризик да извршат самоубиство или кои, заради сериозноста на болеста престанале да јадат или примаат течности, би умреле.

Семејството и пријателите на лицата кои боледуваат од депресивно растројство често може да се збунети и потресени.

Поддршката и подучувањето, како и подоброто разбирање од заедницата, се важни во лекувањето.

2. ДЕПРЕСИЈА ВО Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

2.1 ЗАСТАПЕНОСТ НА ДЕПРЕСИЈАТА ВО Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВО СВЕТОТ

Само 25 проценти од депресивните пациенти во целиот свет добиваат третман, а тоа е загрижувачка бројка. Во Македонија нема статистички податоци, но од искуствата кај нас знам дека луѓето кои страдаат - не бараат помош.

Депресијата - болест број 1 во светот за 20 години. Според Светската здравствена организација (СЗО), многу луѓе страдаат од депресија, но во голем број случаи не сакаат тоа да го признаат. Со депресијата оди и срамот, односно чувството на личен неуспех. Во европски рамки 21 процент од населението годишно страда од депресија или анксиозност. И во Македонија се бележи тренд на пораст на менталните заболувања, па и на депресијата.

Според некоја статистика, во Македонија има околу 80 илјади лица кои страдаат од депресија. Но ниедна друга болест од која боледуваат толку многу луѓе во земјава не е застапена како што е депресијата. Депресијата се релативизира во семејството, во општеството и се вели ’па, сите сме депресивни’ и не се бара помош, а дел од тие пациенти за жал можат да завршат и трагично - со самоубиство. Загрижува податокот дека само 10 проценти од оние кои ќе се јават за помош се адекватно третирани. Тие воопшто не стигнуваат до нашите психијатриски и психолошки служби за да им се препише антидепресив, а тоа е поради мислењето дека антидепресивите се опасни, што е неточно. Антидепресивите се помало зло од седативите и анксиолитиците, кои се во широка употреба не само во Македонија.

Може да се каже и дека Македонците се издржливи, но и особено емотивни.

Постојат повеќе ризик-фактори за манифестирање на депресивното нарушување. Денес секој од нас трча по својата егзистенција, а тоа придонесува да бидеме поранливи за различни психијатриски нарушувања, особено за депресијата.

Се соочуваме со невработеност, економски проблеми, а се промени и системот на клетката на општеството - семејството. Отуѓеност, нема комуникација меѓу членовите, а и пријателите не сакаат повеќе да разговараат меѓу себе за 'мачни' работи. Можеби во скандинавските земји има висок степен на суицид, но тие не се занимаваат со овие психо-социјални фактори и не се депресивни поради невработеност или сиромаштија, туку имаат други проблеми, на пример со сончевите денови и светлината. Ние тука сме благословени со толку сонце и светлина кои многу помагаат да не бидеме депресивни, па затоа сме попозитивен народ и можеме многу да издржиме. Резилиентноста на Македонците и луѓето од Балканот е многу повисока кон овие социјални состојби, но затоа пак од друга страна особено сме емотивни па знаеме да изреагираме на тие надворешни фактори.

2. ЛЕКУВАЊЕ НА ДЕПРЕСИЈАТА ОД СТРАНА НА МАТИЧНИТЕ ЛЕКАРИ

Депресијата ќе ја лекуваат семејните лекари, но можно е и преку интернет да се спроведе нејзино лекување.

Националната стратегија за ментално здравје во РМ за периодот 2013-2016 година, како и акциониот план ги подготвуваат Министерството за здравство и професионалните лица. Едукацијата на семејните лекари за препознавање и третман на депресијата ќе биде еден од приоритетите.

Матичните лекари со помалку стигма можат да бидат отворени за пациентите со депресивни потешкотии, па акцентот би бил ставен на едукацијата за да ја препознаваат депресијата, да им дадат поддршка на пациентите, да припишат антидепресиви и да понудат психолошко советување. Според светските статистики секој втор пациент во службите на примарната здравствена заштита има анксиозни или депресивни растројства. Тоа станува сериозен јавно-здравствен проблем и кај нас.



сл. 3

Според Европскиот акционен план за ментално здравје на Светската здравствена организација, кој е во подготовка и ќе им биде достапен на државите, акцентот ќе биде ставен на „лесно пристапни служби кои на лицата со ментална болест ќе им овозможат без никаков срам да побараат помош, наместо истата да ја бараат во големите психијатриски болници. Акцентот ќе биде ставен и на промоцијата на менталното здравје, ослободувањето од притисокот на срамот поради болеста, повлеченоста од средината, деинституционализацијата и развивање на служби за ментално здравје во заедницата како ефикасен начин на третман на лицата со ментални нарушувања. Препознавањето на депресијата во првите фази е многу важно, а нетретираната депресија може повторно да се врати во некоја посериозна форма. Светската здравствена организација ќе работи и на развојот на интернет-интервенциите на депресијата. Тоа е психотерапија преку интернет, којашто во некои земји се покажала како ефикасна и за која велат дека не е невозможно да се воспостави и кај нас. Не е срамно да се побара помош за психолошки проблеми сепак, на глобално ниво 350 милиони луѓе страдаат од депресија. Еден милион луѓе годишно извршуваат самоубиства кои се резултат на нетретирана депресија.

Депресијата не е прашање само за здравствените експерти. Сите можеме да дејствуваме во насока на елиминирање на стигмата што ги следи менталните нарушувања. Раното препознавање на психолошкиот проблем е клучот на лекувањето. Нема човек кој не доживеал или нема да доживее некаква депресивна состојба. А, понекогаш потребна ни е помош бидејќи сами не можеме да се справиме со такво нарушување. Се помали се децата кои имаат симптоми и знаци на депресија, односно кај кои се јавуваат депресивни манифестации, предупредуваат детските психолози и психотеравпевти.

Само седум години има најмладиот пациент со кој работи психологот Катина Павлоска во Центарот за ментално здравје на деца и младинци. Во Македонија не се води точна евиденција конкретно за оваа патологија. Според податоците на Светската здравствена организација пак, во светот, од 10 до 20 отсто од децата и адолесцентите икусуваат ментални растројства. Половина од менталните болести започнуваат од четиринаесетгодишна возраст. Невропсихијатриските состојби се водечки кај младата популација во сите региони во светот



Менталното здравје кај младите во европскиот регион. Извор: СЗО Сл. 4

Водечки страв кај децата е стравот од неуспех, на било кое поле. Не знам колку се свесни родителите што им прават на нивните деца со изјавите „Ако не учиш никој нема да те

сака“. Симптоми на депресија се јавуваат многу рано, уште во училишната рана возраст. Но ние тоа не го ставаме во депресија, туку го нарекуваме депресивни манифестации. За жал, тие се јавуваат на сè помала возраст. Причините се бројни, има повеќе компоненти, всушност како за сите емоционални и психолошки состојби. Влијание имаат самото воспитувањето, околината, загубата. Депресијата знае да биде одговор на загуба. Но, не мора таа загуба да значи загуба на блиска личност, туку загуба во смисла на тоа кога детето се префрла во ново училиште, со што следуваат стравовите на пример, дали ќе биде таму прифатено. За тоа дали едно дете ќе пројави симптоми на депресија, има улога биологијата, но и семејство. Емоционалните проблеми и депресијата најчесто одат со анксиозноста, а со тоа и стравови, опсесивно фобични негативни мисли за себе, страв дали ќе успее, дали ќе биде сакано.

Околу третманот на депресијата кај деца, најважно е да знаеме дека прво се почнува со советување, со поддршка и на детето, но и на родителите.

– Не се оди веднаш на терапија со лекови. Се даваат најчесто витамини за релаксирање, но ако состојбата е со поголеми размери, тогаш се дава и терапија со лекови. Ниеден производител на антидепресиви, не дозволува нив да ги користат деца, но праксата е таа, тие се користат каде што навистина има потреба.

Ивана Хаџиванова, психолог, психотерапевт и основач на „Неокортекс“, центарот за психотерапија, психодијагностика, тренинг и едукација, вели дека кај неа доаѓаат се повеќе деца и адолесценти кај кои таа препознава депресивни симптоми и реакции.

– Добро е што родителите сè повеќе се отворени за соработка и бараат стручно мислење и помош, односно дел од нив веднаш штом препознаат промени кај своето дете го носат за консултација и потенцијално третман. Следствено на ова, покрај индивидуалните психотерапии, семејно-системскиот пристап и сесии се секојдневие во оваа работа, особено кога станува збор за малолетни личности.

За тоа, како да се препознаат симптомите, што да преземат и како да постапат родителите, таа вели дека треба да се обрне внимание на повеќе нешта.

– Важно е да се знае дека депресивната слика кај децата и младите може да се манифестира со свои специфичности и разлики од сликата типична за возрасните, кои се должат на разликите во развојот, матурацијата и животниот циклус. Кај овие возрасни категории особено треба да се обрне внимание во детекција на следните симптоми и бихејвиорално-емоционални промени: иритабилност и лесна раздразливост, променливост во расположението, пад на фрустрациона толеранција и опозиционалност особено во контакт со родителите, потешкотии во социјалните релации како конфликтуозност, или можеби повлекување и изолација, губење на секојдневните задоволства во кои до сега се уживало, односно намалување на играта и забавата, а чести се и соматските поплаки и тоа најчесто болки во стомакот и главоболки. Многу типични се и негативните вербализации за себе, поплаки дека не се доволно добри и како другите и не се популарни, односно јасно да го манифестираат падот на самодовербата и негативната слика за себе.

Значаен индикатор, додава таа, за родителите треба да биде и наглиот пад на училишниот успех и поведението во училиштето.

– Децата и адолесцентите имаат побунтовни психолошки механизми и често знаат да прават агресивни и бесни празнења (temper tantrum, acting out). Адолесцентот може да манифестира и мрзоволност, да се жали дека се му станало досадно, да биде претерано опседнат и незадоволен од физичкиот изглед, да се соочува со зголемени анксиозни стравови и тоа често врзани за телесното здравје. Морам да напоменам дека депресивноста кај адолесцентите во многу случаи оди заедно и со злоупотреба или зависност од психоактивни супстанци. Некогаш и не е така лесно родителите да ги разликуваат и препознаат симптомите, бидејќи често се препишуваат на пубертетот или другите развојни фази, како и психо-биолошките промени кои се нормативни за детството и адолесценцијата. Неопходни и пожелни се навремени реакции и рано препознавање од страна на родителите, па со внимателен пристап кон сензитивната детска и адолесцентска личност да се побара стручна помош за психодијагностика и третман со професионалец од областа на менталното здравје

Според последните извештаи на Светската здравствена организација, во европскиот регион расте бројот на случаи со ментални проблеми и однесување кај децата и

адолесцентите. Последното истражување за здравствено однесување кај деца на училишна возраст, 29 отсто од петнаесетгодишните девојчиња и 13 отсто од петнаесетгодишните момчиња во европските земји, изјавиле дека „се чувствуваат „down“ повеќе од еднаш неделно. Исто така, едно од 10 адолесценти (петнаесетгодишници), редовно пијат алкохол еднаш неделно (9 отсто од девојчињата и 16 отсто од момчињата).

Во извештајот е нотирано дека самоубиството е водечка причина за смрт кај адолесцентите (на возраст од 10 до 19 години) во земјите со низок или среден приход, а е втора водечка причина за смрт во земјите со високи приходи во европскиот регион. Во 2015 година, во Европа имало над 4.000 самоубиства кај деца од 10 до 19 години.

3. ДЕПРЕСИЈА ВО СТАРА ВОЗРАСТ

Преваленцата на депресијата вклучувајќи ги полесните случаи се проценува околу 12-13%. Депресијата е честа меѓу постарите лица кои доаѓаат на медицинска консултација (17-30%) и исто така меѓу постарите во болница или долготрајна нега.

• Преваленцата на депресијата кај жените е двојно поголема во споредба со мажите, дури и во постара возраст.

• Преваленцата на тешката депресија во постарата популација е 1-4 %. До 10-12% од постарите лица хоспитализирани во општа болница имаат тешка депресија.

• Околу 15-20 % од сите депресивни растројства кај постарите лица се психотични.

• Депресијата е мултифакторијална, клинички хетерогена болест со бројни етиолошки фактори. Генетските и факторите на средината имаат улога, историјата за депресија, како и соматските болести како Паркинсонова болест, мозочни инфаркти, кардиоваскуларни болести и хроничната болка го зголемуваат ризикот за депресија.

• Стареењето е асоцирано со редуцирана функционална способност, губитоци и слабост. Тешкотиите во прилагодувањето на овие промени ја предиспонираат личноста за

депресија. Акутните животни настани, како што е ожалостеност (губиток на сопругот или друг член на семејството) се исто така чести преципитирачки фактори.

• Ако првата депресивна епизода се јави во напредната возраст може да биде предиктор на деменција.

СИМПТОМИ

• Симптомите се различни, делумно се преклопуваат со знаци и симптоми на физичка болест и често тешко се препознаваат како депресија.

• Главните симптоми вклучуваат лошо расположение кое трае најмалку две недели, губиток на интерес или задоволство во секојдневните активности, намален апетит, замореност и намалено ниво на енергија.

• Симптомите како апатија и слаба мотивација може да личат на симптоми на деменција.

• Тешкотии во реализацијата на дневните активности и чувство на немотивираност, особено наутро.

• Иритабилност, плачливост, анксиозност, песимизам, чувство на безвредност, самообвинување, суицидални мисли, осаменост, стравување и зависност од други луѓе.

• Кај постарите лица со депресија, функционалната способност опаѓа полесно отколку кај помладите и растројството на расположението не е неопходно нагласено.

• Физичките симптоми често го маскираат чувството на депресија: разни болки, нарушен сон, намален апетит, губиток на телесна тежина и замореност.

• Кај психотичната депресија пациентот дополнително има делузии, можните аудитивни халуцинации често се омаловажувачки, обвинувачки и инсинуирачки, а како дополнение може да постои и значајна психомоторна ретардација или дури ступор.

ДИФЕРЕНЦИЈАЛНА ДИЈАГНОЗА

• Тага како нормална реакција на ожалостеност.

• Деменција (тестирање или обид за лекување со антидепресиви). Да се има во предвид дека пациентите со деменција може исто така да имаат и депресија.

• Хронична болка

• Хипотироидизам, хиперпаратироидизам

• Паркинсонова болест

• Недостаток на витамин B12

• Штетна употреба на алкохол

ДИЈАГНОЗА

• Дискутирање со пациентот за симптомите и актуелната животна ситуација. Важно е да се добие слика за тоа како пациентот ја гледа неговата/нејзината ситуација. Личности кои се блиски со пациентот може да дадат вредни информации (“тој не е старата личност”).

• Историја: претходна психијатриска историја, актуелни медикаменти.

• Физикална и психијатриска егзаминација.

• Скрининг тестови за депресија.

• BDI и MADRS се корисни алатки за поставување на дијагноза и за евалуација на одговорот на третманот.

• Лабораториски тестови (за исклучување): TSH, слободен тироксин, крвна слика, диференцијална крвна слика, витамин B12, калциум, хепатални ензими, електролити и креатинин.

• ЕКГ

• Кога депресивната епизода се јавува за прв пат во стара возраст, треба да бидат земени во предвид имиџинг техники (НМР) и/или невропсихолошки испитувања за диференцијална дијагноза меѓу деменција и депресија.

ЛЕКУВАЊЕ

• Да се обезбеди информација за природата, текот и третманот на депресијата за пациентот и неговото/нејзиното семејство и негувателите во форма која е соодветна за ситуацијата и е разбирлива за слушателите. Да се нагласи дека депресијата може да се лекува. Во почетната фаза пациентот често се интересира да дознае кога тој/таа ќе почне да се чувствува подобро.

• Да се лекува коморбидната соматска болест и да се обиде да се редуцираат или компензираат ефектите од неспособноста; ова исто така ќе придонесе во лекувањето на депресијата.

• Да се мапира психосоцијалниот статус на пациентот и мрежата за поддршка.

• Одблизу да се мониторира терапевтскиот одговор за да не се прекине третманот премногу рано. Симултаната анксиозност може да го забави опоравувањето од депресијата, но не го превенира.

• Поодминатата возраст не е пречка за опоравување.

• Со постаро депресивно лице релацијата доктор-пациент треба да биде активна, охрабрувачка и супортивна.

• Постојат докази за ефективноста на психолошките интервенции, особено когнитивната психотерапија (ннд - В) со мотивирани постари депресивни пациенти.

• Дозволете му на пациентот нормално да тажи после ужаленоста, но имајте сознание за можноста за депресија кога симптомите опстојуваат или стануваат интензивни.

• Пациентот може да смета дека физиотерапијата претставува супортивна и позитивна интервенција. Постојат позитивни искуства од групните вежби во вежбална за постари лица.

• Медикаменти:

• Кога се избира антидепресивот, да се процени симптоматологијата (апатиченвознемирен) и да се осигура дека лекот е соодветен за коморбитетите кај пациентот и останатата медикаментозна терапија.

• Селективните инхибитори на повторното преземање на серотонин го активираат

пациентот. Тие вклучуваат citalopram, escitalopram, sertraline, paroxetine и fluoxetine

• Трицикличните антидепресиви имаат антихолинергични и кардиоваскуларни несакани ефекти и затоа не се лекови од избор во амбулансткиот третман на депресијата кај постари лица.

• Ако депресијата е асоцирана со психотични карактеристики, антидепресивната медикација секогаш се комбинира со антипсихотик од втората генерација (на пр. quetiapine, olanzapine, risperidone).

• Суицидалните тенденции кај постарите пациенти се индикација за хоспитално лекување.

• Кога се лекуваат постари пациенти неопходно е порано да се земе во предвид хоспитален третман отколку кај помладите пациенти, особено ако супортивната социјална мрежа е сиромашна. Психотичните и рефрактерните депресии кај постари пациенти се лекуваат во специјализирани психијатриски хоспитални установи, полесните состојби обично може да се лекуваат во примарната здравствена заштита.

• Електроконвулзивната терапија е ефикасен и брз третман и за тешката и за психотичната депресија кај постарите пациенти.

1. Поврзаноста на депресијата со духовноста

Депресијата е едно од нарушувањата на расположението и е едно од најраните медицински нарушувања опишани во историјата на медицината. Денес, тоа е едно од најчестите ментални нарушувања. Светската здравствена организација ја посочува депресијата како трет по големина здравствен проблем во светот, а се предвидува дека 2022 година ќе биде втор светски здравствен проблем.

Низ историјата има многу заблуди и митови за депресијата. Во модерно време, незнаењето на фактите и непризнавањето на депресијата како пореметување доведува до фактот дека голем број депресии не се препознаваат и не се лекуваат на време. Познат е научен факт дека скоро 70% од депресијата не е препознаена во примарната здравствена заштита и семејната медицина, особено ако е комбинирана со физичка депресија. Денес, знаеме дека депресијата е хронично и често повторливо нарушување, а нетретираната депресивна епизода е придружена со значително поголем ризик од нова депресивна епизода, хроничност на постоечка и поголем ризик од самоубиство.

Причини насекаде околу нас

Историските заблуди за депресијата велат дека станува збор за нарушување што не може успешно да се лекува; дека тоа е казна што човекот ја заслужува и дека е знак на слабост и морална расипаност. До неодамна се сметаше дека депресијата е предизвикана од само еден фактор, биолошки. Денес зборуваме за интегративен модел, кој слезе низ историјата и кој најдобро го објаснува ова слоевито и комплексно нарушување. Причините за депресија се повеќекратни и комплексни, и тие се биолошки, психолошки, социјални, а неодамна е откриено дека причина за депресија можат да бидат и духовни фактори. Од биолошките фактори поврзани со депресија, генетиката се споменува пред сè, што значи дека депресијата може да биде наследна. Понатаму, постојат мозочни процеси поврзани со

невротрансмитери, хормонални промени што се јавуваат во постпарталниот период, за време на менструацијата и менопаузата. Физичките болести можат да бидат причина за депресија, како и злоупотреба на алкохол или дрога и лекови, како што се. анксиолитици, стероиди и антихипертензиви. Честопати, пациентите неконтролирано земаат анксиолитици како антидепресиви, што е сосема погрешно, бидејќи тие исто така можат да бидат причина за депресија. Психосоцијалните фактори во депресијата се исто така важни во етиологијата на депресијата и во процесот на лекување. Смртта или отсуството на родители најчесто се споменува како причина за депресија. Неодамна, научните истражувања покажуваат дека особено стресните настани во животот доведуваат до поголема фреквенција на депресивни нарушувања.

Нарушување на мозокот и телото

Само 50% од луѓето кои страдаат од депресија бараат помош. Од нив, само 20% се третираат правилно, со антидепресиви. Еден дел се третира со седативи, што е погрешно од две причини: тие се само фармаколошки препарати што доведуваат до смирување и ослободување од вознемиреност или страв, кој честопати е придружен со депресија и имаат висок потенцијал за зависност. Депресијата може да се дефинира како нарушување на мозокот и телото и го зголемува ризикот од смрт од срцев удар, го зголемува ризикот од мозочен удар, дијабетес и остеопороза.

Спречете повторување на болеста

Раната дијагноза и раниот третман на депресијата се невообичаено важни. До неодамна, депресијата се лекуваше со антидепресиви, во комбинација со психотерапија и социотерапија. Таквиот комбиниран терапевтски пристап кон третманот доведе до добри

терапевтски резултати и до намалување на релапсот, бидејќи депресијата е исто така нарушување што може да се повтори или да се појави повторно. Претходните методи за лекување на депресија не беа целосно терапевтски ефикасни, а научните истражувања во последните 30 години докажаа дека, покрај постојните методи за лекување на депресија, еден од најважните методи е и духовната терапија.

Повик за храброст

На примерот на страв, кој често ги придружува и предизвикува депресивни состојби, можеме да видиме како верата продира во разбирањето на човекот за истиот страв и одговара на него. Три стравови, според Фројд, се најсилни кај човекот: страв од напуштање, страв од лудило и страв од смрт. Ова се трите негации на човештвото: осаменост, ирационалност и смрт. Верата, особено од библиската потекло, едноставно ги повикува луѓето на - храброст.

„Не плаши се“ или „Не плаши се, зашто јас сум со тебе“, се зборови што одекнуваат постојано на страниците на евангелието. Ако се обидеме да го потврдиме ова охрабрување во однос на трите споменати стравови, работите се сосема логични: да се биде со Бога не е ништо друго освен страв од напуштање, бидејќи за верникот Бог е секогаш таму; исто така, стравот од смрт исчезнува затоа што целата претстава за животот и смртта добива ново значење во светлината на верата. Стравот од секоја болест кај Бога станува сè помал затоа што сè што ќе му се случи на човекот, секое страдање може да се претвори во некое добро.

Стравот е природна реакција на една личност на загуба на нешто што го има, на што се држи, било да е тоа загуба на себе, на својот живот или на друга личност. Верата може да му помогне на човекот погоден од стравови затоа што ги надминува стравовите; отворајќи нов хоризонт на значење, му помага на човекот да ги разбере себе си и својот живот како подарок, луѓето околу него како добрина што е, благо речено, да му се позајми. Конечно, свеста за подарокот го исчезнува чувството да поседувате нешто. Штом создаде таков став, во светлината на верата, човекот барем малку престанува да се плаши од загуба,

зашто сѐ што му е дадено во секој случај, а оној што ќе му го даде ќе му даде уште повеќе и подобро.[3]

Молитвата и богослужбите ја претвораат депресијата во радост

Во денешно време човекот често чувствува тага, очај, тромост, мрзливост, душевна здодевност и сите останати сатански состојби. Тагува, плаче, меланхоличен е, не се грижи за своето семејство, троши многу пари на психоаналитичари и лекови. Сето ова луѓето го нарекуваат несигурност, православието верува дека станува збор за искушенија од нечестивиот.

Болката е душевна сила која Бог ја всадил во нас, со цел да донесе добро, љубов, радост, молитва. Наместо тоа, лукавиот успева оваа духовна сила да ја одвои од нашата душа и да ја користи за зло, односно предизвикува депресија и душата ја доведува до состојба на тромост и душевна здодевност. Тој го мачи човекот, го поробува и душевно го разболува.

Тука постои една тајна. Треба сатанското дејство да го претворите во добро дејство. Тоа е тешка работа и за неа е потребна извесна подготовка. Таа подготовка е смирението. Смирението ја привлекува Божјата благодат. Предадете се на Божјата љубов, богослужбите, молитвата. Но и кога го правите сето ова, ништо нема да постигнете ако немате смирение. Сите лоши чувства: несигурноста, губењето надеж, разочарувањето – што тежнеат да ја освојат душата, исчезнуваат благодарејќи на смирението. Кој нема смирение е себичен, не дозволува да се спротиставиш на неговата волја, да го опоменеш или посоветуваш. Веднаш се натажува, нервира, бунтува, реагира бурно и се препушта на депресијата.

Ваквата состојба се лечи со Божјата благодат. Душата треба да се насочи кон Божјата благодат. До исцеление ќе дојде ако таа со копнеж го засака Бог. Многу кои се свети во нашата Црква депресијата ја претвориле во радост преку љубовта кон Христос. Всушност, тие сета своја душевна сила, која ѓаволот сакал да уништи во нив, ја предавале на Бога и така ја претворале во радост и веселба. Молитвата и богослужбите постепено депресијата

[3] Prof.dr.sc. Đulijano Ljubičić, dr.med. Mr.sc. Anđela Jeličić, teolog

ја претвораат во радост затоа што Божјата благодат делува на душата. Овде е потребно да имаш сили да ја добиеш Божјата благодат, која ќе ти помогне да се соединиш со Бог.

Потребна е вештина. Кога Му се предаваш на Бога и стануваш едно со Него, ќе го заборавиш лошиот дух што те влечеше назад и тој презрен ќе побегне. Понатаму, колку повеќе се посветуваш на Божјиот Дух, толку помалку ќе мислиш за себе, па нема ни да го регистираш оној кој те влече назад. Кога ќе те привлече благодатта, се соединуваш со Бога. А кога се соединуваш со Него и Му се предаваш, сè останато исчезнува. Ти го забораваш она другото и се спасуваш. Големата вештина и умешност или големата тајна – како да се ослободиш од депресијата и сè останато – се содржи во тоа да ѝ се предадеш на Божјата љубов.[4]

Библиски начини за победување на депресијата

Јавните медиуми се преполни со таканаречени експерти, на сите јавни емисии или средби со професионалци во областа на лекувањето на депресија, најчесто ќе ги слушнете следните коментари:

- Ние знаеме дека таквата состојба на депресија е медицински проблем.
- Депресијата е неспособност да се сакате себе си.
- Депресијата во позадина секогаш преставува недостаток од самопочит.
- Депресијата е резултат на верување во сопствените лаги.
- Депресијата е резултат на демонска активност која се спротивставува на нашиот дух.

Депресијата е резултат на непобеден гнев, болка, загуба, одбивање или лишување.

Дали депресијата е медицински проблем, ментален проблем, или “мој личен” проблем? Збунетост и фрустрација е она што можат да ви го понудат сите оние луѓе кои јавно

[4] Старец Порфириј Капсокаливиски

тврдат дека ја разбираат состојбата на депресија. Неврологијата и психологијата нудат многу теории. Но, за жал, не многу од нив се базирани на факти или вистинска вера.

Депресијата не е едноставно медицински или ментален проблем, туку е проблем на човештвото.

Додека медицинските и емоционални проблеми често пати можат да придонесат за доведување до состојба на депресија, за некои други луѓе, духовната состојба е основната причина која ги доведува до оваа состојба.

Што вели Библијата за депресијата: Во Пословици 12:25 пишува: “Од загриженост срцето на човекот му премалува, а добриот збор го радува. “

Ова е добро место за почеток.

Бог преку мудроста на Соломон нуди дијагноза и решение за излез од состојбата на депресија како помош за луѓето. Срце полно со вознемиреност е виновникот. Еден добар збор е лекот.

Исус: Лек за депресија

Исус рече: “Дојдете при мене сите вие кои сте изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам. Земете го Мојот јарем на себе, и учете од мене, зошто јас сум благ и понизен по срце, и ќе најдете поткрепа за своите души. Зошто мојот јарем е пријатен и мојот товар е лесен. “(Матеј 11:28-30). Како Јован Крстител, и ние треба да им се обратиме на депресивните луѓе, со зборовите: “Еве Го Божјото Јагне!” (Јован 1:29).

Многу од христијаните ќе успеат да ја надминат состојбата на депресија кога ќе ги разберат основните Библиски вистини:

Реализирање на надежта која ја имаме во Бога:

Тој не охрабрува и ни вели “Повикај Ме во денот на неволја. Јас ќе те избавам, а ти ќе ме славиш.”

Безнадежноста е еден од симптомите на депресијата. Но, Божјата благодат во Исуса Христа е основата на нашата надеж. (Колосјаните 1:5-6, 23, 27, 1 Тимотеј 1:1). Павле беше човек на болката и страдањето, но тој вели: “Тој не избави од смртната опасност и ќе не избавува. На Него се надеваме дека и понатаму ќе не избавува. ” (2 Коринтјаните 1:10)

Обнова во радоста на спасението

Ние живееме во еден паднат свет во кој сите добри работи еднаш можат и да завршат. Трагичниот дел од овој живот ќе биде присутен се додека Исус, нашиот Спасител не се врати по втор пат. Радоста на спасението се оживува повторно и повторно со простувањето на нашите гревови и вистината дека ние ќе живееме вечно во Божјото царство во кое ќе бидеме учесници во неизмерната радост на спасението. Ние не треба никогаш да се презаситиме од Евангелието – Добрата Вест.

Активна љубов кон Бога и другите

Љубовта кон Бога и другите е од суштинско значење, бидејќи депресивните луѓе, честопати се вовлечени во магичен круг на морбидни чувства кои ги одалечуваат од лекот кој им е даден од небото како решение кое очајно им е потребно. (Матеј 22:36-40). Кога депресивните луѓе почнуваат да Го љубат Бога и луѓето, најчесто нивната депресија едноставно исчезнува.

Совети за надминување на депресијата

Еве неколку совети за надминување на депресијата. Но секако не треба да се занемари и медицинската состојба на човекот, која може да биде причина која доведува до состојба на депресија.

1. Опишете го своето искуство,

Замолете ги луѓето да го опишат своето искуство со депресијата во детали. Колку што постојат различни луѓе, толку и различни облици и видови на депресија постојат.

2. Идентификувајте ги причините,

Депресијата често пати не е само нешто што го имаме, туку и нешто што го правиме. Поставете им го следното прашање на луѓето: Кога твојата депресија би можела да зборува, што таа би рекла? Што би рекла за тебе? За другите? За Бога? Депресијата е активно чувство кое може да потекнува од различни извори, и тоа психолошки: чувство на вина, неисповедан грев, лажно чувство на вина, срам, страв, потисната горчина или омраза, безнадежна тага, или небиблиски очекувања.

3. Читање и проучување на Светото Писмо,

Побарај луѓе со кои ќе можеш да ги проучиш Псалмите 42 и 43, како псалмистот Му се обраќа на Бога? Што тој проповеда на самиот себе?

4. Закон за вистината,

Објаснете им дека патот кон излезот од депресијата треба да е поплочен со верба во Бога. Депримираните луѓе кои бараат помош од своите духовници, најпрво треба да прифатат дека единствено послушноста и понизноста кон Бога ќе ги извлече од таа состојба, иако во тој момент се им изгледа безнадежно и безполезно. Истотака, напоменете им дека излезот од оваа состојба треба да се одвива “чекор по чекор.”

5. Стил на живеење,

Проценете и посоветувајте ги за нивниот стил на живеење. Дајте им препораки и совети како да го подобрат квалитетот на живеењето. Да не се оптеретуваат со многу работа, да имаат редовна физичка активност, како да ја надминат несоницата, како да ја подобрат својата духовна дисциплина и слично.

6. Решавање на конфликтите,

Справување со проблематичните врски, минатото или сегашноста.

7. Работете,

Работете работа која ви причинува задоволство и воедно е корисна и за останатите луѓе. Помагањето на другите е најдобар начин за излез од состојбата на самосожалување и повлеченост која им се случува на депресивните луѓе.

8. Посета на лекар,

Советувајте го депресивното лице да се консултира со лекар. Доколку лицето веќе користи некакво лекарства ќе биде од голема важност да се посоветува со лекар, како би се отстраниле можните понатамошни компликации. Истото се однесува и на лица во поодмината возраст кои имаат и сериозни медицински проблеми.

Верата, надежта и љубовта нека бидат ваши сојузници во борбата против депресијата до нејзиното конечно излекување.

3. ДУХОВНОСТ И ПСИХОТЕРАПИЈА

3.1 Религијата и менталноста - основни поставки и сфаќања на Фројд

Фројд (Frojd, 1988) го порекнувал боженственото потекло на религиските претензии. Тој ја споредувал религијата со делузиските опсесии кај невротичарите. Според Фројд, религијата е невроза. Тој за да ја покаже религијата како трауматско доживување, го одредил нејзиниот почеток во детството. Како што велел Фројд: „Сите трауми припаѓаат во раното детство", (Frojd, 1988; стр. 80). Фројд тврдел дека во религиските верувања доминира колективното чувство на вина која продуцира невроза и страв кај верниците. Во делото „Mojcej и монотеизмот" Фројд забележал: „Во еден момент веќе не се сомневав дека религиските феномени можат да се разберат единствено врз основа на обрасците на невротските симптоми кај единката, како навраќање кон заборавените значајни процеси во предисторијата на човековата фамилија и токму на тој извор треба да му бидат благодарни за својот присилен карактер" (Frojd, 1988; стр. 62). Понатаму во Фројдовото сфаќање, религијата е дефинирана како колективна невроза. Таа, тврдел Фројд (Leeming, Madden, Maral, 2010), е базирана на регресијата на инфантилната зависност од таткото која е вкоренета во детето како чувствување на импотенција и одбрана против напнатоста од супер-егото. „Психоанализата допринела да се спознае интимната врска меѓу комплексот на таткото и верувањето во Бога; покажала дека психолошкиот - личен Бог, не е ништо друго освен татко кој е подигнат на пиедестал. Фројд сметал дека секојдневно има докази како млади луѓе ја губат верата штом ќе се скрши авторитетот на нивниот татко. Така, велел Фројд, разбираме дека коренот на потребата за религија е во родителскиот комплекс...", (Palmer, 2001; стр. 24). Фројд сметал дека религијата како опсесивна невроза,

се формира по пат на потиснување или одрекување на одредени нагонски импулси. Значи, велел Фројд (Palmer, 2001), религијата ги изразува нагоните кои ги похиснала.

Религијата, според Фројд (Frojd, 1986), е резултат на амбивалентниот однос меѓу синот кон таткото кој дејствува во Едиповиот комплекс. Поточно, религијата настанала како производ на синовската зависност од доминантниот мажјак во праплемето и амбиваленцијата на тој однос кој осцилира помеѓу љубовта и омразата. Психоанализата тврди дека ова прв пат се појавило во праплемето, а во религијата се проектирало врз идеализираниот објект на религиско обожување на Бог Таткото. Фројд тврдел дека покорноста на тој објект е првата карактеристика на верувањето која ги поврзува верниците во верската заедница. При тоа, прататкото е идеал на групата кој на местото на јасидеалот владее со супер- егото. За да го докаже Едиповското потекло на религијата, Фројд го наведол случајот со неговиот пациент кој верувал дека директно комуницира со Бог, со него се поигруваат демоните, има чудесни привиденија и слуша света музика. Овие делузии кулминирале во неговото верување дека е најисклучителниот човек во историјата кој има задача да го спаси светот и тоа преку претворањето во жена. Фројд уверувал дека во овој случај, комлексот на таткото го детерминира поимот Бог. Така, тој заклучил дека Бог не е ништо друго, туку егзалтирана слика на таткото претставена во детскиот ум. Според него, целокупната историја на религијата, може да се разбере како каталог на безброј различни облици на инфантилната покорност пред таткото. Фројд верувал дека, со ваквото тврдење, ги побил тезите кои ги одредуваат религиските чувства како „океански чувства". Согласно тезата за „океанското чувство" во религиските доживувања, човекот може себе си со право да се нарече религиозен само врз основа на тоа чувство, дури и ако би ги отфрлил сите верувања и сите илузии (Palmer, 2001). Кај Лиминг, Маден и Марал (в. Leeming, Madden, Maral, 2010) се истакнува дека Фројд „океанското чувство" на единство во мистицизмот го толкувал како заштита и враќање во состојба на примарен нарцизам. Притоа, границите меѓу егото и останатите делови во менталноста се недиференцирани.

Фројд ја дефинирал религијата како ментална појава базирана на инфантилни фантазии и илузии. За да ја потврди оваа теза, Фројд опфатно го анализирал анимизмот кого го

нарекол - темел на секоја религија. Инаку, анимизмот е верување дека на сите живи битија и предмети на светот животот им вдахнува безброј духовни суштества. Фројд тврдел дека религијата подразбира слично такво одалечување од реалниот свет. Поточно, според Фројд (Фројд, 2008 в), во религиската пракса може да се согледа скоро ист излет во фантазијата. Фројд нуминозниот карактер на религијата го толкувал како патолошки. Во психоаналитичката ориентација, нуминозните искуства најчесто се отфрлаат како халуцинирачки, хистерични или нарцистички искуства, или пак регресии поврзани со комплекси во детството, особено со мајката (Leeming, Madden, Maral, 2010).

Покрај ова, Фројд го објаснувал односот религија - менталност и преку теоријата за проекција. Тој верувал дека голем дел од митолошкиот поглед на светот како и повеќето современи религии не се ништо друго туку психологија проектирана во надворешниот свет. „Проекцијата стана главен аргумент за атеизмот во 20-ти век преку редукција на боговите во субјективни илузии, а претеча на ова беше Фројд", објаснува Кели Раб Мајо (Leeming, Madden, Maral, 2010; стр. 744).

Фројдовата психонализа убедува дека верувањето во семоќни богови е психичка репродукција на универзалната состојба на беспомошност. Тука Бог е идеализиран татко т.е. проекција на детските желби за семоќен заштитник. Фројд сметал дека доколку децата ја надминат оваа зависност, тогаш човештвото би можело да се надева дека ќе ги остави зад себе незрелите фантазии надминувајќи ја религиската фаза. Тој изјавил (Frojd, 1986; стр. 50): „Ми се чини дека е неспорно дека религиските потреби никнат од беспомошноста на детето и желбата за таткото која таа ја потикнува...Не можам да замислам некоја потреба која би била посилна од потребата за татковска заштита. Затоа „океанското чувство", кое веројатно тежи кон нешто налик на повторно воспоставување на неограниченият нарцизам, не може да заземе позиција на прв план. Потеклото на религиското однесување може сосем јасно да се следи се до инфантилното чувство на беспомошност. Можеби постои нешто и зад тоа, но тоа за сега, останува обвиткано со темнина". Значи, според Фројд, потребата за Бог, како фигура на таткото, потекнува од инфантилниот прототип на повторување на немоќ која секој од нас ја почувствувал пред својот татко.

2. Религијата и менталноста - основни поставки и сфаќања на Јунг

Една од главните Јунгови тези во врска со религијата е дека таа има нуминозен карактер. „Јунг тврдел дека религијата е природно вроденпсихички феномен т.е. е став на душата. Според него, може да се каже дека терминот - религија подразбира одреден став на свеста кој е прикриен под плаштот на искусување на нуминозното" (Leeming, Madden, Maral; стр. 58).

Религијата, велел Јунг, од психолошки аспект, е феномен кој се изразува на ирационален начин. Во Јунговото сфаќање, религиското искуство е израз кој ја овозможува егзистенцијата и истото е функција на несвесните процеси. Јунг изјавил: „Ако зборувам за религија, морам претходно да објаснам што подразбирам под тој поим. Тоа е она доживување кое Рудолф Ото го нарекол нуминозно, односно динамичка егзистенција или дејствување што не потекнува од еден самоволен акт. Напротив, тоа дејствување го обзема човековиот субјект и завладува со него, а човекот е повеќе негова жртва отколку творец" (Јунг, 2007 а; стр. 8). Овде нумуниозноста на религиското искуство се состои во тоашто тоа го зграпчува и контролира човековиот субјект.

Освен ова, Јунг (Leeming, Madden, Maral, 2010) велел дека тоа е независно од волјата на поединецот и предизвикува чудна промена на свеста. Јунг, за разлика од Фројд, го потенцирал целисходното дејство на нуминозните искуства врз менталноста. Тој често изјавувал дека главен интерес на неговите истражувања не е третманот на неврозите, туку пристапот кон нуминозното. Нуминозното, тврдел тој, одговара на претставата на Бог во менталноста. Според Дејвид Тејси, Јунг не ни се заканува со сексуалноста, туку со нешто кое е еднакво примарно и можеби и позастрашувачко, а тоа е реалноста на нуминозното. Јунг (Јунг, 2007 а) тврдел дека секоја конфесија, од една страна, се заснова врз доживувањето на нуминозното. Од друга страна, тој вели дека религијата се базира врз верноста (лојалноста), верата и довербата кон одредено доживување на нуминозно дејство и врз промената на свеста што произлегува од тоа . Притоа, под поимот „нумен", Јунг

подразбирал - возвишеност, нешто што е величенствено и највисока вредност во менталноста. Јунг (Jung, 1990) потенцирал дека заради нуминозната природа на архетипот Бог во менталноста, ние сме трајно под влијание на сили кои се посилни од разумот и волјата. Овие нуминозни сили се протегаат по должина и ширина низ разумот и волјата, објаснувал тој. Според него, ова е причината што и врвно разумни луѓе се соочуваат со ментални конфликти во чие надминување некогаш неможат да помогнат волјата, ниху свесниот разум. Тој истакнал (Jung, 1990; стр. 11): „Во човекот од секогаш постоело нешто кое го чувствува и доживува како посилно од тоа што тој самиот е и тоа тој го нарекува боженствено или демонско. Бог е тоа посилното во нас".

Јунг потенцирал дека религијата има трансцедентен квалитет. Таа, сметал Јунг, како ментален процес, ја трансцендира областа на свесното. Притоа, личноста има чувство дека идеите и доаѓаат како надворешни откровенија не ограничувајќи ја нејзината индивидуалност (Leeming, Madden, Maral, 2010).

Покрај ова, согласно аналитичката концепција, верата може да се користи и како механизам за одбрана од надмоќното непосредно искуство т.е. нуминозните сили во менталноста.

Освен ова, Јунг укажувал дека религиското искуство е длабоко помешано со емоционална сила, возбудливост и моќ и од психолошко гледиште, делува убедливо. Со оглед на тоашто ова искуство, согласно комплексното поимање, е независно од свесната волја, тоа го воведува поединецот во состојба на транс и со него е тешко интелектуално да се справиме. Јунг сметал дека овие искуства ја загрозуваат свеста и затоа личноста оправдано стравува од нив. „Јунг укажал дека егото мора да направи дистинкција од нуминозните религиски искуства, а секој кој ќе се поистовети со нив е лудак или будала. Јунг велел дека овие искуства мораат да се надминат и да се разбере дека ние не сме богови" (Leeming, Madden, Maral, 2010; стр. 518). Но, и покрај ова, тој тврдел дека религиските нуминозни искуства се основни во процесот на индивидуацијата. Јунг нагласувал дека нуминозни искуства понекогаш непосредно го адресираат егзистенцијалниот проблем на субјектот. Во други случаи, пак, Јунг сметал дека тие говорат за развојни потешкотии, емоционални проблеми или влијаат во процесот на

индивидуацијата кај поединецот, појаснува Шлам (Leeming, Madden, Maral, 2010). Тој потенцира дека тие можат да произведат искуство и на религиска конверзија или да спречат самоубиство. Јунг предупредувал дека кај слаби особи, пак, можат да предизвикаат психоза. Тој мислел дека, поради нивната емоционална силина, нуминозните искуства имаат автентичен квалитет и предизвикуваат уверливост. Поради ваквите својства на нуминозните искуства, личноста треба да биде претпазлива кога во менталноста прифаќа одредено религиско искуство, бидејќи тоа може да го поремети нормалното ментално функционирање.

Според Јунг, нуминозот е неискажлив и таинствен. Во исто време, тој, велел Јунг, е застрашувачки и е нешто кое се движи или задира во доживувањата и перцепцијата на себе си. Јунг велел дека ова е согледување на целоста која ја надминува свесната реалност. Така, нуминозното го одразува боженствениот карактер, велел Јунг (Palmer, 2001).

Друга важна Јунгова теза е дека нуминозните религиски претстави во менталноста се базираат на емоционална основа и истите ја обогатуваат менталноста. Јунг сметал дека при религиското искуство личноста прима нешто што е зададено. Поточно, религиското искуство е последица на архетипската карактеристика на религијата. Религиското искуство, велел тој (Jung, 1990), е прецептибилна последица на нешто што е предизвикано од неперцептибилна причина. Со други зборови, свеста ја доживува религијата, но нејзиното потекло е несвесното. Притоа, Јунг велел: „Она што овде се нарекува „личносно", не е само некое свесно или засилено ‚јас" кое одговара на поимот „самосвесен" и слично, туку тоа е присутно не само во мене самиот, туку во сите, како Атман, како Тао. Тоа е психички тоталихет" (Jung, 1990; стр. 64). Јунг се спротивставувал на тврдењата на неговите противници дека, со ваквиот став, создал иманентен Бог или надоместок на Бог. Јеротич објаснува дека Јунг убедувал дека таа надредена целина свеста ја доживува на нуминозен начин, како „tremendum и fascinosum" (застрашувачки и фасцинантно). Јунг, како емпиричар, го интересирал доживеаниот карактер на таа целина кој е посебен и неопислив. Оттука, според Јеротич, произлегува чувството на стравопочит кај верникот, кога тој целосно се предава на Божјата волја (Јеротић, 2000).

Со тврдењето за нуминозниот карактер на религиското искуство, Јунг ја докажувал својата теорија за архетипска основа на религијата. „Видов како архетипската содржина спонтано настапува во сонот и слично и по правило од неа потекнуваат нуминозните дејства. Тоа се психички праискуства кои на пациентите често им отвораат пристап кон затрупаните религиски вистини. Ова го искусив и на себеси", изјавил тој (Jung, 1990; стр. 20).

Според Јунг, секој архетип дава можност за бесконечен развој и диференцијација. Јунг вака ја објаснувал развиената религиозност меѓу луѓето. Јунг (Jung, 1990) тврдел дека кога се вели дека Бог допира и делува врз темелот на душата и дека Тој самиот е тој темел, тогаш под тоа се подразбира дека токму архетиповите се тој темел. Тој уверувал дека дефинирањето на религијата со помош на архетипови е само докажување дека религискиот став е суштинска компонента на душата.

Всушност, Јунговото сфаќање на религијата се базира на теоријата за архетиповите на колективното несвесно. „Се на се, не само што е покорисно, туку е и психолошки поправилно, природните сили кои во нас го пројавуваат нагонското да ги објасниме како - Божја волја", велел Јунг (Jung, 1996; стр. 34).

Инаку, кај Лиминг, Маден и Марал (в. Leeming, Madden, Maral, 2010) се истакнува дека Јунг го зел терминот архетип од „Корпус херметикум". Тука Бог е претставен како архетипска светлина. Во аналитичкото поимање архетипот е претставен како психички образец или нагон кој како невидлива шема се пројавува низ бројни претстави во религиите, митологиите и слично. Притоа, архетиповите не треба да се сфаќаат како наследни идеи. Тие се наследни модуси на психичко функционирање кое, на пример, одговара со вродениот начин на кој пилето излегува од лушпата на јајцето или птицата го гради гнездото (Јеротић, 1995). Според Јунг, архетипот е образец на „однесување". Согласно комплексното сфаќање, низ симболичките религиски претстави во менталноста, поединецот го прима и изразува иманентно-трансцедентното, нуменот, или кажано со Јунговата терминологија - „Бог во нас". Ова непосредно искуство, велел Јунг, е од убедлив карактер. Него го гарантира неговиот динамички интензитет и апсолутната вредност која

му се препишува.

3. Фројдовата и Јунговата теза за улогата на религискиот мит во менталноста

Фројд и Јунг ја истражувале и улогата на религискиот мит во менталноста. Фројдовото и Јунговото гледиште и во оваа област се спротивни. Фројд, на пример, тврдел дека личноста треба да го отфрли митот од менталноста. Според него, религискиот мит потекнува од инфантилните несвесни желби (Leeming, Madden, Maral, 2010).

За разлика од Фројд, Јунг тврдел дека религискиот мит има позитивната вредност. „Да се лишиме од митот би значело да се жртвува голем квалитет кои доведува до полнота и здравје", рекол Јунг (Leeming, Madden, Maral, 2010; стр. 805). Јунг го согледувал митот како зрел производ на човештвото и важен израз на колективното несвесно. Во Јунговата концепција, бајката и митот ги изразуваат несвесните процеси. Нивното повторно кажување доведува до повторно оживување и сеќавање на овие процеси. Ова допринесува за поврзување на свеста и несвесното. Митот, тврдел тој (Jung, 1996), има терапевтско значење за менталноста и затоа препорачувал секоја епоха да му даде нов лик.

Јунг сметал дека митот станува сомнителен само кога неговата содржина се разбере буквално и конкретно, а не симболично. Попознати митови кои ги анализирале Фројд и Јунг се митот за Орфеј и за Ерос - богот на љубовта во грчката митологија.

Тематски, митот за Орфеј има позиција на посредник меѓу дионизиските (земја, месечина, тело) и аполонските (небо, сонце, дух) форми на обожување. Претстави на Христос, како Орфеј, се појавиле во христијанство, на пример, во катакомбите на апостол Петар и Маркел во Рим. Така, заедничко меѓу Христос и Орфеј е што и двајцата се спуштаат во пеколот (Библија, 1991) и се жртвуваат за спасение на верниците.

Психоанализата во митот за Орфеј открила фиксација базирана на неуспешна резолуција од психодинамички конфликтни искуства за време на Едиповата фаза од

психосексуалниот развој. На пример, смртта на Евридика на венчавката со Орфеј, може да индицира син кој сеуште е сексуално фиксиран за мајката. Орфејовото слегување во пеколот, пак, каде се спушта со кралот и кралицата, Фројд го толкувал како преговорот на егото со потсвесните аспекти на родителските претстави кои го сочинуваат супер-егото. Предупредувањето на Орфеј да не се враќа назад за да ја бара Евридика за да ја поведе во горниот свет, Фројд го асоцирало на инцест табуто. Поточно, тоа што Орфеј се враќа назад да ја бара Евридика сугерира обид за разрешување на неговата Едиповска напнатост преку кршење на табуто. Фројд верувал дека митот за Орфеј е основно начело на побожноста со цел да се намали напнатоста која ја предизвикува умирањето

Според Јунг, пак, смртта на Евридика го претставува спречувањето на протокот на либидото. Навраќањето на Орфеј кај Евридика е неуспешен обид на Анимата да се интегрира во свеста (Leeming, Madden, Maral, 2010). Богот Ерос, пак, прв пат бил дефиниран во Фројдовото дело „Зад принципот на задоволството" од 1920г. Во ова дело Ерос бил прикажан како нагон за живот, сексуален нагон и обединувачка сила. Ерос е познат и како нагон за самоодржување, самозаштита и желба да се создаде живот и ефикасна работа. Фројд тврдел дека кога во менталноста доминира либидалната сила на Ерос, тој ја обезбедува нашата сексуалност и промовира креативност. Фројд сметал дека Ерос е основен концепт кој се однесува на животниот нагон за нарцизам. Поточно, Ерос е вроден нагон. Неговата задача, на прв поглед, може да се чини дека е желбата за храна, секс, професионална позиција, наоѓање партнер, забременување или остварување на поблизок однос со Бог. Според Фројд, Ерос не води надвор од себе самите за да не поврзе со цел која се стреми да стане свесна. На ниво на општество, Ерос ги доведува поединците, групите и народите во сродство. Освен ова, Фројдовата теорија за зрела љубов го подразбира Ерос вклучувајќи ги не само првичните сексуални желби, туку и естетските.

Јунг ја толкувал улогата на Ерос во менталноста различно од Фројда. Во Јунговата концепција за либидото Ерос претставува витална психичка енергија која ги вклучува: телото, сексот, агресија и боженствениот дух. Од аспект на комплексното сфаќање, Еросот е нешто повеќе од нашите телесни желби. Тој има врска со нашето субјективно битие во

телото т.е. со нешто кое мора да се направи пред да се доживее смртта. Би можело да се каже дека Еросот е полн со воздишки на олеснување од она што особата долго сакала да го постигне и со кое сакала да се обедини. Јунг го користел терминот - Ерос за да ги претстави своите основни теории на женската психологија, особено на теоријата за архетипот Анима или т.н. женска душа. Јунг тврдел дека Ерос или Анимус е важен машки принцип за жените. Тој е битен за определувањето на сексуалниот идентитет. „Според Јунг мажите имаат Анима во несвесниот дел од умот. Тоа се квалитети на женскиот ерос. Индивидуацијата бара машката свест да се соочи со својата Анима на многу нивои преку прифаќање на еросот не само како проекција на его нивото (само како сексуален објект), туку исто така и преку асимилација на повеќе зрели слоеви на женскиот принцип во свесноста" (Leeming, Madden, Maral, 2010; стр. 315). Во аналитичката психологија се смета дека менталноста иницира средба со Ерос и намерно го доведува во светлина т.е. во свеста. При овој акт, врската меѓу нив е несвесна и неуредна. Јунг укажувал дека Еросот сака да се изрази од несвесното. Доколку особата не дозволи Ерос да стане видлив и да се отелотвори, неговите енергии ќе се зацврстат на многу нивои во менталноста предизвикувајќи зависности. Јунг тврдел дека Ерос бара телото да се изрази низ танц, уметност, музика, пишување, креативни активности и љубов кон деца. Тој предупредувал дека без овие изразувања, може да се падне во болест, соматизација, или гледано од религиски аспект - во фундаментализам или површна социјална правда (Leeming, Madden, Maral, 2010). Во аналитичката теорија се тврди дека богот Ерос може да ја доведе особата до непознатите слоеви од несвесното кои сакаат да бидат изразени т.е. да се отелотворат. „Во тој момент, следејќи ги барањата на Ерос, особата преминува во областа на религијата и духовноста. Ерос може да се дефинира како желба која е поврзана со духот. Со други зборови, Јунг верувал дека особата низ желбите и архетипот Ерос го пронаоѓа Бог. Особата внатрешно е опседната со способноста да го освести боженственото. Јунг тврдел дека длабинската психологија има намера да не насочи кон религијата како област во која живее несвесното" (Leeming, Madden, Maral, 2010; стр. 315).

Според Јунг, Ерос, како архетип, може да предизвика чувство на богата внатрешна зависност од работа или заедница со кои е поврзана особата. Маден вели дека Ерос е спој меѓу душата и духот, и како таков ги провоцира прашањата: Постои ли Бог? Што е тоа

што го сакаме и за што живееме? Дали сме нечија копија или сме оргинални? Јунг верувал дека за да се најде одговорот на овие прашања мора да се слушаат внатрешни „мали гласови" и да се пронајдат внатрешните конфликти со цел да им се придаде поголемо внимание.

Значи, за да се пронајде смислата и намерата на нашиот живот, неопходно е да се следи нишката на архетипот Ерос. Тогаш желбите ќе не доведат, преку духот, до телото. Во аналитичката концепција се смета дека доколку се разбере симболички, Ерос може да доведе до промена и обнова (Leeming, Madden, Maral, 2010).

4. Молитвата и богослужбите ја претвораат депресијата во радост

Во денешно време човекот често чувствува тага, очај, тромост, мрзливост, душевна здодевност и сите останати сатански состојби. Тагува, плаче, меланхоличен е, не се грижи за своето семејство, троши многу пари на психоаналитичари и лекови. Сето ова луѓето го нарекуваат несигурност, православието верува дека станува збор за искушенија од нечестивиот.

